Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Општина Гази Баба, на ден 07. 02.2012 година, донесе

# Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички план за село Трубарево–Урбан Блок 8, Општина Гази Баба - Скопје** кој го донесува **Општина Гази Баба**, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички план за село Трубарево – Урбан Блок 8, Општина Гази Баба – Скопје,** се определуваат следните: **Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Општина Гази Баба.**

3. За планскиот **документ Урбанистички план за село Трубарево–Урбан Блок 8, Општина Гази Баба – Скопје,** за чија изработка е **одговорна Општина Гази Баба,** а го донесува **Општина Гази Баба,** донесувањето на планскиот документ **Урбанистички план за село Трубарево – Урбан Блок 8, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните **аспекти: влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економска состојба, влијанија врз квалитет на амбиенталниот воздух, влијание врз квалитет на површински и подземни води, влијание врз почва, влијание поврзано со управување со отпад, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна,влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии.**

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Гази Баба**.

6.Против оваа одлука јавноста има право на жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 80-317/1
од о7.02 .2012год.
Скопје.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
Тони Трајковски

## Формулари за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за село Трубарево – Урбан Блок 8, Општина Гази Баба |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Гази Баба |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Гази Баба |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Светлана Јованоска |
| Назив на работното место | Раководител на<br>Одделение за урбанизам и просторно планирање |
| Контакт податоци за лицето | +389 (0)2 32 39 534<br>+389 (0)70/257-369 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање<br>("Службен весник на РМ" бр.142/10 , 64/11и 98/11) |
| Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот |

| |
|---|
| ДА x<br>НЕ |
| Даколку се врши изема на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Урбанистичка документација за населено место Трубарево ,Општина Гази Баба (одлука бр.07-290/4 од 01.07.1999год)<br><br>Урбанистичка документација за дел од населено место Трубарево , измена и дополнување , Општина Гази Баба( одлука бр.07-1120/3 од 30.12.2003год )<br><br>Вградување на нова содржина во намената домување со трговија,односно Е2 – комунална супрасртуктура – бензинска пумпна станица и услужен центар со диспозиција на регионалниот пат Р103 ( Скопје – Велес ),кој поминува низ с. Трубарево. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5). |
| Да, Член 3, точка 13, алинеја / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да, површината на планскиот опфат изнесува 5,73 ха и е од локално значење, но донесувањето на УП за село Трубарево – Урбан Блок 8 за изградба на нова содржина во намената домување со трговија,односно Е2 – комунална супрасртуктура – бензинска пумпна станица и услужен центар би можело да има значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| УП за село Трубарево – Урбан Блок 8 ,ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општината,согласно Просторниот план на Републиката, со цел да се |

| |
|---|
| постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот за одреден временски период.<br><br>УП за село Трубарево – Урбан Блок 8, се донесува со цел планирање на нова содржина во намената домување со трговија,односно Е2 – комунална супрасртуктура – бензинска пумпна станица и услужен центар со диспозиција на регионалниот патен правец Р 103 ( Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Гевгелија)<br><br>Со УП за село Трубарево – Урбан Блок 8, утврдени се следните основни класи на намени на земјиштето: А1- домување во станбени куќи (со услови за организација и уредување на стопански двор); А3-групно домување ( дом- здружение на пензионери); Б1-мали комерцијални и деловни дејности; Д1- парковско зеленило; Д2-заштитно зеленило; Е1-сообраќајна инфраструктура (регионален пат како примарна сообраќница во населено место,станбени улици,пристапни улици и пешачки патеки, железничка пруга); Е1- комунална инфраструктура ( хидротехничка,електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура); и Е2- комунална супраструктура (бензинска станица, ранжирна железничка станица,трансформаторска станица и телекомуникациски улични ормани).Заради флексибилност на планот, во градежните парцели со основна класа на намена А – домување, постои можност за избор на компатибилни класи на намени со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена кои се таксативно наведени.<br><br>Според тоа пердметниот УП за село Трубарево – Урбан Блок 8, Општина Гази Баба, Скопје претставува плански документ за кој е потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина и да се изготви соодветен Извештај. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Просторно и урбанистичко планирање. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Десет години |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години? |
| По истекот на пропишаниот плански период. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторот кој е предмет на изработка на УП за село Трубарево – Урбан Блок 8 претставува дел од Урбанистичка документација за населено место Трубарево во Општина Гази Баба,со местоположба помеѓу реѓионалниот пат Р-103 Скопје-Велес, железничката пруга Скопје-Куманово и источната и западната граница на планскиот опфат на Урбан Блок 8 како дел од село Трубарево.<br><br>Површината на границите на планскиот опфат анализирана во рамките на Документацио документационата основа изнесува **5,73 ха**.<br><br>Овој простор е ограничен од: |

- **Север** - границата ја следи осовината на регионалниот пат Р-103 Скопје-Велес;
- **Исток** - границата ја следи осовината на отворениот канал;
- **Југ** - границата ја следи осовината на железничката пруга Скопје-Куманово; и
- **Запад** - границата се совпаѓа со границата на Урбан Блок 8 односно со источните граници на катастарските парцели од зоната на домување:КП 443/2, КП 443/3, КП 443/4, КП 443/7, КП 443/5 и КП 443/6.

Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е да просророт е наменет за: **А1**- домување во станбени куќи, **А1**- домување во станбени куќи со **Б1**- деловен објект во двор, **А3**- групно домување (дом- здружение на пензионери), Б1-мали комерцијални и деловни дејности (сервис за перење возила, продавници и сл., **Д**- зеленило, **Е1**- комунална инфраструктура, **Е2**- комунална супраструктура:ранжирна железничка станица и трафостаница и **НЗ**- неизградено земјиште. (во прилог на формуларот Ви доставуваме графички прилог од урбаниот зафат во електронска форма.)

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

ДА
НЕ X

Дали е приложена копија од целите?

ДА
НЕ X

Резиме на влијанијата врз животната средина

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објекти на земјиште на кое е предвидена основни класи на намени на земјиштето: А1- домување во станбени куќи ( со услови за организација и уредување на стопански двор ); А3-групно домување (дом- здружение на пензионери); Б1-мали комерцијални и деловни дејности; Д1- парковско зеленило; Д2-заштитно зеленило; Е1-сообраќајна инфраструктура (регионален пат како примарна сообраќница во населено место,станбени улици,пристапни улици и пешачки патеки, железничка пруга); Е1- комунална инфраструктура ( хидротехничка,електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура); и Е2- комунална супраструктура (бензинска станица, ранжирна

| | |
|---|---|
| железничка станица,трансформаторска станица и телекомуникациски улични ормани), што како активност има влијание врз животната средина.<br><br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој УП за село може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенифиции,односно позитивни влијанија. | |
| Веројатноста, времетрањето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Зголемувањето на степенот на искористеност на земјиштето и изгрдба на сообрќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет на живеење односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници. Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Меѓутоа, веројатноста дека со усвојувањето на УП за село ќе има и негативни влијанија врз животната средина е голема,како во фазата на градба,така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br><br>Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како значајни со долгорочен карактер, имајќи го во предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуват на оваа локација.Во фазата на експлоатација на објектите се очекува поголема фреквенција на возила, со што се очекува зголемување на количината на издувни гасови во воздухот,зголемено ниво на бучава, а на самата локација за бензинска станица и зголемена продукција на различни видови на отпад.Исто така се очекува и фугитивна емисија на VOC<br><br>(испаливи органски соединенија) и тоа главно во процесите на преточување на горивата. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето; | Изградбата на планираните содржини на предметниот урбан зафат ќе има комулативно влијание врз животната средина,кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила и испарувањето на VOC, како и зголемувањето на количеството на создаден отпад, како комунален , така и на други видови на отпад. |

<table>
<tr><td></td><td>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на планскиот опфат, особено локацијата за бензинската станица постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина од евентуално предизвикани пожари и хаварии.Со оглед на фактот дека на предметната локација ќе бидат складирани разни видови на горива,кои се лесно запаливи, при несоодветно управување со истите може да биде предизвикан пожар, а во краен случај и експлозија на резервоарите.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Опфатот на планскиот документ е во населено место Трубарево во Општина Гази Баба,со местоположба помеѓу реѓионалниот пат Р-103 Скопје-Велес, железничката пруга Скопје-Куманово и источната и западната граница на планскиот опфат на Урбан Блок 8 како дел од село Трубарево со површина од 5,73 ха.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предзивикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со реализацијата на УП за село Трубарево – УБ 8 ќе се зголеми степенот на искористеност на земјиштето и изгрдба на сообрќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет на живеење односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници. Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Со изградба на бензинската станица се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација,инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br><br>Предметниот локалитет е изградено и дел неизградено градежно земјиште ,кој се наоѓа во населено место Трубарево во Општина Гази Баба,со местоположба помеѓу реѓионалниот пат Р-103 Скопје-Велес, железничката пруга Скопје-Куманово и источната и западната граница на планскиот опфат на Урбан Блок 8. Истотака нема можност да се користи за друга намена, освен планираната.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство; | На предметниот локалитет не е евидентирано културно наследство. Со реализација на планираните содржини ќе се се постигне подобра пејсажна и функционална компонираност со околината. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности; | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. Единствена опасност за надминување на граничните вредности би претставувала несреќа / хаварија на резервоарите со нафта. Веројатноста да се случи вакво нешто е многу мала и истото не може да се предвиди. |
| Интензивна употреба на земјиштето; | Земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува градежно земјиште,коешто нема можност за друга употреба. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br><br>Со УП за село Трубарево – Урбан Блок 8, планирани се следните основни класи на намени на земјиштето: А1- домување во станбени куќи ( со услови за организација и уредување на стопански двор ); А3-групно домување ( дом- здружение на пензионери); Б1-мали комерцијални и деловни дејности; Д1- парковско зеленило; Д2-заштитно зеленило; Е1-сообраќајна инфраструктура ( регионален пат како примарна сообраќница во населено место,станбени улици,пристапни улици и пешачки патеки, железничка пруга); Е1- комунална инфраструктура ( хидротехничка,електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура ); и Е2- комунална супраструктура ( бензинска станица, ранжирна железничка станица,трансформаторска станица и телекомуникациски улични ормани ).Заради флексибилност на планот, во градежните парцели со основна класа на намена А – домување, постои можност за избор на компатибилни класи на намени со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена .Големината на урбаниот зафат е 5,73 ха. |

| |
|---|
| Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во |

| |
|---|
| близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резеденцијални проекти):<br><br>Со планскиот документ се предвидува изградба на објекти за домување во станбени куќи ( со услови за организација и уредување на стопански двор ); групно домување (дом- здружение на пензионери); мали комерцијални и деловни дејности; парковско зеленило; заштитно зеленило; сообраќајна инфраструктура (регионален пат како примарна сообраќница во населено место,станбени улици,пристапни улици и пешачки патеки, железничка пруга); комунална инфраструктура (хидротехничка,електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура); и комунална супраструктура (бензинска станица, ранжирна железничка станица,трансформаторска станица и телекомуникациски улични ормани.<br><br>Предметниот локалитет се наоѓа во населено место Трубарево во Општина Гази Баба,со местоположба помеѓу реѓионалниот пат Р-103 Скопје-Велес, железничката пруга Скопје-Куманово и источната и западната граница на планскиот опфат на Урбан Блок 8 .Не се очекува предметните објекти за градење да имаат негативно влијание врз околните објекти доколку се спроведат сете мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација и Извештајот за Стратегиската оцена врз животната средина, ниту пак се очекува објектите кои е можно да се градат во непосредното опкружување( домување) да влијаат негативно врз објектите кои се планирани да се градат во рамките на УП за село Трубарево-УБ 8. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).<br><br>Донесувањето на УП за село Трубарево-УБ 8. ќе има влијание кои се огледаат во следните области од животната средина:<br><br>• воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот,пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметните локалитети,како и поради емитувањето на VOC во процесот на преточување на нафта за потребите на бензинската станица и понатаму со нејзиното секојдневно функционирање. Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот; |

- бучава- и во фаза на реализација на планот, како и во фаза на експлоатација се очекува зголемено ниво на бучава на предметниот локалитет.Имајќи во предвид дека урбаниот зафат се наоѓа помеѓу фреквентен регионален пат и железничка пруга,не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина;
- отпад- во фаза на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на урбаниот зафат се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад.Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина ( почва,подземни води, воздух итн.);
- флора и фауна- негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна,ендемични и загрозени видови,како и карактеристични живеалишта.

Од аспект на одржливост,донесувањето на УП за село Трубарево-УБ 8 позитивно ќе влијае врз:

пивлекување на нова работна сила и вработување,

- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот, зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст,како и зголемување на нивото на животен стандард во општината,

Изградбата на бензинската станица се очекува да предизвика позитивни инпулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на просторот.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:

-загадување на површинските и подземните води ( доколку не се придржуваат инвеститорите до предвидените проекти водоводна мрежа,фекална и атмосверска канализација);

| |
|---|
| -зголемување на нивото на бучава ( предизвикано од градежните активности,како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);<br><br>-зголемување на количината на продуциран отпад ( како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација ); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br><br>Изработката на УП за село Трубарево – УБ 8,има директни точки со:<br>- Просторен план на Р. Македонија;<br>- Урбанистичка документација за населено место Трубарево ,Општина Гази Баба (одлука бр.07-290/4 од 01.07.1999год )<br>- Урбанистичка документација за дел од населено место Трубарево , измена и дополнување , Општина Гази Баба( одлука бр.07-1120/3 од 30.12.2003год )<br>- Демографски и економски-социјален профил на Општина Гази Баба 2009 година;<br>- Под стратегија на рурален развој на Општина Гази Баба 2009 година;<br>- Стратегија за ЛЕР на Општина Гази Баба 2009-2012 година;<br>- Локален акционен план за животна средина ( ЛЕАП ) на Општина Гази Баба 2007година. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br><br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранечната фаза на донесување на други плански документи. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br><br>Пред изградба на поединачните проекти / објекти,кои влегуваат во состав на УП за село Трубарево – УБ 8,ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оценка |

| |
|---|
| на влијание на објектите врз животната средина / Елаборат за заштита на животната средина. |

ИЗЈАВА Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.

Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот

Градоначалник
Тони Трајковски

Датум: 07.02.2012 година

Место: Скопје